*Врз основа на член 22 од Законот за енергетика (Службен весник на Р.М." Бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15) и член 20, став 2, алинеа 1 и 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетска дејност (Службен весник на Р.М." бр.143/11, 78/13 И 33/15), Друштвото за производство, трговија и услуги "***ФЛОУ*** *"* ***ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци*** *со адреса:ул."Народна Младина" бр.3 Кавадарци, Република Македонија за производство на електрична енергија од фотоволтаична централа "ФЛОУ" го објавува следното:*

# И З В Е С Т У В А Њ Е

*Се известува јавноста дека Друштвото за производство, трговија и услуги* **"ФЛОУ" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци** *со адреса: ул."Народна Младина" бр.3 Кавадарци за производство на електрична енергија од фотоволтаична централа "ФЛОУ", на ден 20.09.2017 година, поднесе барање за издавање на лиценца за производство на електрична енергија со УП1 бр.12-171/17 до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА..*

**<u>Назив на барателот :</u>**

*Друштво за производство, трговија и услуги* **"ФЛОУ" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци***, за производство на електрична енергија од фотоволтаична централа "ФЛОУ".*

**<u>Вид на енергетска дејност:</u>**

*Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од фотоволтаична централа.*

**<u>Подрачје на кое ќе се врши дејноста:</u>**

*Енергетската дејност, производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од фотоволтаична централа "ФЛОУ", Друштвото* **"ФЛОУ" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци***, ќе ја врши на локација КП бр.1226/27 м.в. Попова Кула, КО Демир Капија, општина Демир Капија, Република Македонија.*

**<u>Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:</u>**

*Друштво за производство, трговија и услуги* **"ФЛОУ" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци***, ќе произведува електрична енергија на една фотоволтаична централа "ФЛОУ" до 49,8*kW*, со место на приклучување на електродистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија А.Д. Скопје.*

**<u>Времетраење на лиценцата:</u>**

*Друштвото за производство, трговија и услуги* **"ФЛОУ" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци,** *за производство на електрична енергија од фотоволтаична централа "ФЛОУ" од РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА бара времетраење на лиценцата да изнесува 35 (триесетипет) години.*

**<u>Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со Барањето за издавање на лиценца за производство на електрична енергија:</u>**

*Заинтересираните страни, правни и физички лица можат по писмен пат да достават до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценца за производство на електрична енергија во рок од 5 (пет) дена од објавување на ова ИЗВЕСТУВАЊЕ за барање за издавање на лиценца за производство на електрична енергија во дневниот печат.*

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ул. Македонија, 6б, палата Лазар Поп Трајков, 6-ти спрат**
**1000 Скопје, Република Македонија**